**МАТЕСКИ Александар**[1]
**ЃОРЃИОСКА Емилија**[2]

**УДК: 347.91/.95.037**

# НЕЧЕСНАТА ТРГОВСКА ПРАКТИКА ВО СИНЏИРИТЕ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ХРАНА

**Апстракт**: Доброто функционирање на снабдувачките синџири, овозможува да се искористи на најдобар начин економскиот потенцијал без тоа да биде на штета на било кој учесник, алка во снабдувачкиот синџир. Економската нерамнотежа и значително различната преговарачка сила станаа секојдневие. Злоупотребата на таквата положба доведува до нечесна трговска практика, која може особено негативно да влијае на малите и средните претпријатија учесници во синџирот на снабдување со храна. Со цел намалување или спречување на такви трговски практики кои имаат негативна последица врз малите и средните претпријатија, Европската Унија пристапи кон регулирање на минимални стандарди за спречување на овие трговски практики mala fide. За таа цел Европската Унија ја донесе Директивата 2019/633 за нечесната трговска практика во односите помеѓу друштвата во синџирот за снабдување со земјоделски и прехранбени производи. Во трудот ќе биде извршена анализа на некои од позначајните одредбите од оваа Директива. Како држава од регионот која има добра пракса во оваа област понатаму ќе бидат анализирани дел од најзначајните одредби и практични примери од примената на хрватскиот Закон за забрана на нечесна трговска практика во синџирите за снабдување со храна. Ќе биде извршена кратка анализа на законоската рамка за спречување на нечесна трговска практика во Република Северна Македонија. Од истражувањето ќе се утврди дали и што треба да биде преземено од страна на законодавецот на Република Северна Македонија како би се спречиле или превенирале нечесните трговски практики во синџирите за снабдување со храна.

**Клучни зборови**: преговарачка сила, нерамноправност, совесност и чесност, Б2Б.

**MATESKI Aleksandar**[3]
**GJORGIOSKA Emilija**[4]

# UNFAIR TRADING PRACTICES IN THE FOOD SUPPLY CHAIN

**Abstract:** The good functioning of supply chains, allows the use of the economic potential in the best way, without damaging any party, or participant in the supply chain. The economic imbalance and literate differences in negotiation positions of the agreement parties are very common nowadays. The abuse of these conditions brings unfair trade practices, which have a negative influence on small and medium enterprises, and participants in the food supply chain. Aiming to reduce or prevent the unfair trading practices which have a negative influence on small and medium enterprises, the European Union decided to adopt normative standards whose purpose is to prevent mala fide trading practices. For those purposes, the European Union adopted Directive 2019/633 on unfair trading practices in business-to-business relationships in the agricultural and food supply chain. In this paper, we will make an analysis of some of the most important norms of the Directive 2019/633. As a country from this region that has good practice in this area, we will make an analysis of the Croatian Law on the prohibition of unfair trading practices in the food supply chain and some practical issues of its implementation. Also, we will make a brief analysis of normative framework which purpose is to prevent unfair trading practices in the food supply chain in the Republic of North Macedonia. From the research we will make a conclusion about what needs to be done in this area in the Republic of North Macedonia by the legislator, and if it is necessary, what should be done further to reduce or prevent the unfair trade practices in food supply chains.

**Key words**: negotiation power, inequality, good faith and honesty, business-to-business.

1) Директор на општ и правен сектор, Прилепска пиварница АД - Прилеп, ул. „Цане Кузманоски“ бр. 96, Прилеп.

2) Доцент на Економски факултет - Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, ул. „Прилепски бранители“ бр.143 Прилеп.

3) Director of general and legal department, Prilep Brewery JSC Prilep, str. “Cane Kuzamanoski” No.96, Prilep.

4) Phd, Assistant Professor at the Ss. Climent Ohridski University in Bitola, Faculty of Economics in Prilep, str. Prilepski Braniteli No.143, Prilep.

**Вовед**

Снабдувачкиот синџир бизнис до бизнис (B2B) е многу битен сегмент од економијата. Овој снабдувачки синџир овозможува снабдување на потрошувачите со различни стоки и услуги и има голем импакт во економскиот раст и развој. Синџирот на снабдување се дефинира како меѓусебно поврзан систем меѓу добавувачи на материјали и услуги, опфаќајќи го целиот циклус на трансформација на материјалните ресурси од суровини во финални производи и услуги, како и испорака на овие производи и услуги до крајниот потрошувач. Синџирот на снабдување започнува со набавка на суровини од добавувачи и завршува со продажба на готови производи и услуги на потрошувачите. Во процесот на размена се вклучуваат сè поголем број компании, на различни географски локации. Поврзувањето на овие компании не само од местото на понуда туку и многу порано од почетното место на снабдување со суровини, па сè до местото на побарувачка, т.е. крајниот корисник се нарекува синџир на снабдување, синџир на барања или синџир на вредности.[5] Снабдувачкиот синџир е сочинет од голем број на учесници (производувачи, добавувачи, дистрибутери итн.) кои имаат (голем) импакт на крајната цена која ја плаќаат потрошувачите. Влијанието врз крајната цена на учесниците во снабдувачките синџири е различна, но евидентно е дека доброто функционирање на снабдувачките синџири, без дисторзии, овозможува да се искористи на најдобар начин економскиот потенцијал без тоа да биде на штета на било кој учесник во синџирот за снабдување, ниту пак на крајниот корисник, потрошувачот. Меѓутоа не секогаш е тоа така. За жал последните неколку децении евидентна беше концентрацијата и вертикалната интеграција на учесниците на европскиот пазар, што доведе до структурни промени во синџирот на снабдување со храна. Економската нерамнотежа и значително различната преговарачка сила станаа секојдневие. Злоупотребата на таквите односи доведува до нечесна трговска практика, која може особено негативно да влијае на малите и средните претпријатија во синџирот на снабдување со храна. Нефер трговската практика дејствува девијантно на доброто трговско однесување, спротивна е на фер однесувањето и однесувањето во добра верба и најчесто е еднострано наметната од страна на еден трговски партнер на друг трговски партнер, особено од страна на подоминантниот или економски помоќниот трговски партнер.

Според резултатите од истражувањето на Европската Унија, спроведено помеѓу добавувачите кои се дел од прехранбениот синџир, 96% испитаници изјавиле дека биле изложени барем на еден облик на нечесна трговска практика[6]. Во Шпанија 56% добавувачи изјавиле дека договорните услови често или повремено им се менуваат ретроактивно, додека во Италија 57% производители често или секогаш прифаќале ретроактивно еднострано менување на условите за соработка плашејќи се од одмазда во деловна смисла. Последиците од нечесната трговска практика се повеќестрани. Влијаат директно на опстанокот на компаниите на пазарот и на новите финансиски вложувања во производи и технологија. Трошоците пораснале кај 83% испитаници кои биле жртви на нечесна трговска практика, додека 77% изјавиле дека последицата е во вид на намалени приходи.[7]

Со цел намалување или спречување на такви трговски практики кои имаат негативна последица врз животниот стандард на земјоделската заедница, Европската Унија пристапки кон регулирање на минимални стандарди за спречување на овие трговски практики mala fide. За таа цел Европската Унија ја донесе Директивата 2019/633 за нечесната трговска практика во односите помеѓу друштвата во синџирот за снабдување со земјоделски и прехранбени производи[8] со која им се овозможува на државите членки да донесат или да ги задржат националните правила кои биле донесени, а кои се построги во однос на решенијата утврдена со оваа Директива.

5) А. Ристеска Јанкулоска, М. Башеска - Ѓорѓиеска, 2019. *Бизнис логистика и менаџмент на снабдувачки синџири*, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола, Економски факултет-Прилеп, Прилеп, стр. 14.

6) REPORT on unfair trading practices in the food supply chain, Committee on the Internal Market and Consumer Protection. Истражувањето е спроведено во март 2011 од страна на агенцијата Dedicated во име на Европската федерација на производители на храна и пијалаци и AIM Здружението на европски брендови.

7) **Communication from the commission to the European parliament, the council, the European economic and social committee and the committee of the regions, tackling unfair trading practices in the business-to-business food supply chain /* com/2014/0472 final ***

8) Directive (EU) 2019/633 of the European Parliament and of the Council of 17 April 2019 on unfair trading practices in business-to-business relationships in the agricultural and food supply chain.

1. **Директивата 2019/633 за нечесната трговска практика во односите помеѓу друштвата во синџирот за снабдување со земјоделски и прехранбени производи**

На донесувањето на Директивата 2019/633 од Европскиот парламент и Совет од 17.4.2019 година за нечесната трговска практика во односите помеѓу друштвата во синџирот за снабдување со земјоделски и прехранбени производи и претходеа долгогодишни анализи. Три публикации на Комисијата, почнувајќи од 2009 година беа насочени кон функцинирањето на снабудувачките синџири со храна и појавата на нечесна трговска практика. Првата беше Комуникацијата на Комисијата од октомври 2009 година за подобро функционирање на синџирот со снабдување храна во Европа[9], потоа Комуникацијата од јули 2014 година за решавање на проблемите од нечесната трговска практика помеѓу трговските друштва во синџирот за снабдување со храна[10] и Извештајот на Комисијата од јануари 2016 година за нечесните трговски практики помеѓу трговските друштва во синџирите за снабдување со храна.[11]

Во анализата што претходеше на Известувањето од Комисијата на Европскиот парламент и Совет[12] констатирани се четири клучни манифестации на нечесна трговска практика кон кои треба делотворно да се работи:

1. едната страна не смее непрописно или нечесно да ги пренесе своите трошоци или претпримнички ризици на другата страна,
2. едната страна не смее од другата да бара никакви предности или погодности, а да не исполнила услуга за бараната предност или погодност,
3. едната страна не смее еднострано или ретроактивно да го менува договорот, освен ако истото не е изрично допуштено во чесни околности и
4. не смее да дојде до нечесно раскинување на договорниот однос или неоправдано заканување со раскин на договорот.

Со оглед на тоа што нечесната трговска практика може да се појави во било кој дел од синџирот, државите членки се должни заштитата да ја гарантираат во сите односи помеѓу претпријатијата од синџирот на снабдување со храна. Државите членки треба да осигураат дека нивното законодавство ги опфаќа и државите кои не се членки на ЕУ (на пример примарните производители од Африка или Латинска Америка)[13]. Мора да се има предвид дека правилата не се однесуваат на односите добавувач и краен потрошувач.

Земјоделските и прехранбените производи се производи наведени во Прилог 1 од Договорот за функционирање на Европската унија, вклучително и на производи опфатени во поимот „храна“ од член 2 на Уредбата 178/2002 на Европскиот парламент и Совет за утврдување општи начела и услови на законот за храна, основање на Европска агенција за сигурност на храна и утврдување постапки во областите на сигурност на храна. Дефиницијата е доста екстензивна па под „храна“ или „прехранбен производ“ се подразбира материја или производ, преработен, делумно преработен или непреработен, а чија намена е за прехрана на луѓе или може да се очекува да биде консумирана од луѓето. Под „храна“ се подразбира и пијалоци. Понатаму во директивата се дефинирани учесниците во синџирот на снабдување помеѓу кои може да се појават нечесните трговските практики, од една страна добавувачот и од друга страна купувачот/трговецот. Според Директивата добавувачот е дефиниран како секој производител на земјоделски производи или секое правно или физичко лице, кое продава земјоделски или прехранбени производи или повеќе такви физички и правни лица здружени во организација на произведувачи, добавувачи или здружение на вакви организации. Додека пак во својство на купувачи може да се најдат физички или правни лица, јавни тела, национални, регионални или локални, кога купуваат земјоделски и прехранбени производи или пак организации или здруженија на вакви физички и правни лица. Во членот 1 на директивата е утврдено подрачјето на примена на директивата, односно вредносниот праг на годишниот промет на добавувачот и купувачот кои учествуваат во прометот

9) Commission of the European communities, Communication from the Commission to the European parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions, A better functioning food supply chain in Europe, Brussels, 28.10.2009.

10) **Communication from the commission to the European parliament, the council, the European economic and social committee and the committee of the regions, tackling unfair trading practices in the business-to-business food supply chain /* com/2014/0472 final */**

11) REPORT FROM THE COMMISSION TO THE EUROPEAN PARLIAMENT AND THE COUNCIL on unfair business-to-business trading practices in the food supply chain, Brussels, 29.1.2016 COM (2016) 32 final.

12) Green paper on unfair trading practices in the business-to business food and non-food supply chain in Europe, Brussels 31.1.2013.

13) REPORT FROM THE COMMISSION TO THE EUROPEAN PARLIAMENT AND THE COUNCIL on unfair business-to-business trading practices in the food supply chain стр.5. Таков е ставот и на Министерството за земјоделие и Агенцијата за заштита на конкуренција во Хрватска.

на земјоделски и прехранбени производи како договорни страни.[14]

Со цел да се подобри позицијата на фармерите и малите и средните претпријатија во синџирот за снабдување, во директивата во членот 3 таксативно се наведени како забранети 15 трговски практики. Во Директивата се прави разлика помеѓу „црни" и „сиви" практики, така што црните практики во секој случај се забранети, забранети "per se", без оглед на околностите, додека пак „сивите" практики се дозволени под услов ако купувачот и добавувачот се договориле претходно за нив на јасен и недвосмислен начин.[15]

Апсолутно забранетите практики се однесуваат на:

- рокот на плаќање на т.н. расипливи производи[16] да не биде подолг од 30 денови, додека за останатите земјоделските или прехранбените производи максималниот рок е 60 денови; Во зависност од тоа дали помеѓу добавувачот и купувачот со договорот е предвидена редовна испорака или не е предвидена редовна испорака на земјоделски и прехранбени производи, во директивата утврдено е од кога почнуваат да се сметаат овие рокови.
- забрана за откажување на нарачки на т.н расипливи производи во краток рок пред испораката; Во оваа ситуација не е разумно да се очекува дека добавувачот ќе пронајде друг начин за пласирање на производите на пазарот или нивна адекватна употреба. Во Директивата изречито е пропишано дека рокот пократок од 30 дена секогаш се смета за краток рок при што на државите членки им е оставена можност за одредени сектори да одредат рок и пократок од 30 дена. На овој начин добавувачите се заштитени од нечесното однесување на купувачите, како што е откажувањето на нарачките во непосредно краток рок пред истите да бидат испорачани.
- еднострано изменување на договорот од страна на купувачот; Овие измени се однесуваат на начинот, местото, временскиот распоред или обем на количините или испораките на земјоделски и прехранбени производи, стандардите за квалитет, условите за плаќање или цените. Едностраното изменување на договорот што се однесува на договорените услови за начинот, местото, количините на стоките, цените, стандардите за квалитет, условите за плаќање итн., а без согласност на добавувачот, е апсолутно забрането.
- забрана за наметнување обврска за плаќања кои не се во врска со продажбата на земјоделските или прехранбените производи; На овој начин се санкционира изнудувањето на парични средства од добавувачот, а за цели кои не се во врска со продажбата на производите.
- пренесување на ризик од пропаѓање на добавувачот; Апсолутно забрането е пренесување на ризикот или трошоците од пропаѓањето на земјоделските и прехранбените производи кое настанало во просториите на купувачот или по преносот на сопственоста на купувачот, ако до пропаѓањето не дошло поради невнимание или по вина на добавувачот.
- неиздавање писмена потврда од страна на купувачот за условите од склучениот договор во усмена форма; Оваа одредба не се применува кога договорот се однесува на испорака на производ од член на организација на произведувачи, ако статутот на организацијата или правилата и одлуки од организацијата содржат одредби со слични услови како договорот за набавка.
- незаконито прибавување, користење и откривање на трговски тајни од страна на купувачот; Согласно Директивата (ЕУ) 2016/943 од Европски парламент и Советот од 8 јуни 2016 година за заштита на неоткриено знаење и искуство и деловни информации (деловни тајни) од незаконито прибавување, користење и откривање, за една информација да биде деловна тајна потребно е да не биде општо позната или лесно достапна меѓу лицата кои се занимаваат со конкретниот вид на дејност, да има комерцијална вредност и да бидат преземани разумни мерки за зачувување на тајноста. Во Директивата (ЕУ) 2016/943 подетално се дефинирани кои дејствија претставуваат незаконито прибавување, користење и откривање. Преземањето на вакви дејствија од страна на купувачот е апсолутно забрането.
- комерцијална одмазда или закана со комерцијална одмазда; апсолутно неприфатлива

14) Во Директивата во членот 1 став 2 наведени се 5 ситуации во кои е утврден прагот на годишниот промет остварен од страна на добавувачот и купувачот кога се применува оваа директива за нечесни трговски практики настанати во врска со продажба на земјоделски и прехранбени производи од помеѓу добавувачот и купувачот. По исклучок, за договори склучени помеѓу добаувач и јавни тела како купувачи, во Директивата е утврден друг вредносен праг на остварен годишен промет од страна на добавувачот.

15) A. Piszcz, (2020). EU Directive in business- to -business relationships in the agriculture and food supply chain: Dipping a toe to regulatory Waters? Balkan Yearbook of European and International Law 2019, Springer, стр. 109-127.

16) Расипливи земјоделски и прехранбени производи се производи кои поради својата природа или во фазата на преработка во кој се наоѓаат, може да станат неприкладни за продажба во рок од 30 дена од нивната берба, производство или преработка.

практика во ситуација кога добавувачот ги остварува своите права загарантирани со закон или договорот склучен со купувачот, особено во ситуација кога се жали на овие повреди пред надлежните тела или пак соработува со нив во текот на отпочнатата постапка. Во директивата не е дефинирано што ќе се смета за комерцијална одмазда, што значи дека надлежните тела ќе треба да толкуваат во секој поединечен случај. Но повеќе од извесно е дека тоа би бил прекин на понатамошна соработка, уценување или еднострано менување на договорените услови за соработка од страна на купувачот, како реакција на отпочнување било каква постапка од страна на добавувачот за заштита на своите права.

– пренесување на трошоците на добавувачот кои се однесуваат на проучување на барањата од потрошувачи во врска со продажбата и покрај тоа што нема невнимание ниту вина кај добавувачот. Пренесувањето на настанатите трошоци за проучувања на барања на потрошувачите кои се во врска со продажбата на конкретниот производ, но кои не настанале поради невнимание или вина на добавувачот е апсолутно забранета трговска практика.

Пример од практиката каде купувачот практикувал две апсолутно забранети практики е следниот: „На рибарот X.X кој е добавувач за свежа риба на локална фабрика за преработка на риби- конзервирање на филети од риба (со промет над 40 милиони ЕУР) надоместокот за продажбата му бил исплаќан во рок од 40 денови од доставата на рибите. Бидејќи не можел да стапи во контакт со менаџментот на фабриката за да биде извршена промена на рокот за плаќање, го контактирал надлежното национално тело. Фабриката добила информација за поплаките од добавувачот, по што побарала добавувачот да ја повлече поплаката, инаку во спротивно се заканила дека ќе ја прекине соработката со него. На овој начин фабриката извршила две апсолутно забранети трговски практики, првата, не го исплаќала надоместок во рок од 30 дена, кој што важи за расиплливи производи и втората, извршила комерцијална одмазда, односно се заканила со комерцијална одмазда.[17]

Во „сивите“ практики, кои под одредени услови се дозволени се: враќањето на напродадените продукти; плаќања за складирање, изложување и улистување на производи во понудата на купувачот; плаќање за промоција, маркетинг; плаќање за рекламирање и плаќање на трошоци на лица задолжени за опремување на просториите каде се продаваат продуктите. Овие практики нема да бидат забранети ако се предмет на договор под јасни и недвосмислени услови, претходно договорени во рамките на договорот за набавка или пак доколку истите бидат дополнително договорени помеѓу добавувачот и купувачот. На барање на добавувачот за плаќањата за складирање, изложување и улистување на производи во понудата на купувачот; плаќање за промоција, маркетинг; плаќање за рекламирање и плаќање на трошоци на лица задолжени за опремување на просториите каде се продаваат продуктите, купувачот е должен во пишана форма да му достави проценка на трошоците и проценка за плаќање по единица стока или вкупно, во зависност од тоа кој начин на проценка е применлив во конкретната ситуација. Иако нема обврска за задолжителна пишана форма на договорите за набавка на прехранбени и земјоделски производи склучени помеѓу добавувачите и купувачите, сепак, практикувањето овие договори да бидат склучени во пишаната форма може да биде од голема полза за заштита на добавувачите од одредени нечесни трговски практики.[18]

Прашањето за спроведувањето на директивата заслужува посебно внимание со оглед на фактот што Европската комисија со право ги критикуваа судските постапки како скапи и долготрајни. Она што посебно мора да се има предвид е „факторот страв“. Жртвите изложени на нечесна трговска практика се одвраќаат од преземање правни постапки пред суд поради реалната опасност од прекин на деловните односи. Затоа со Директивата се предлагаат други механизми на заштита. Согласно Директивата, секоја земја членка на Европската Унија должна е да назначи едно или повеќе надлежни тела или органи во чијашто надлежност ќе биде вршење надзор на примената на одредбите од Директивата, односно на националното законодавство, на национално ниво. Државите членки должни се да им обезбедат соодветни услови на овие тела или органи за да можат непречено да ги остваруваат своите надлежности во кои спаѓаат: започнување и спроведување на истрага по барање на добавувач или по службена должност; обезбедување на информации и докази за нечесни трговски практики; вршење инспекциски надзор; донесување одлука со која се утврдува повреда на некоја од забраните за нечесна трговска практика и со која му се наложува на купувачот да ја прекине нечесната практика, освен ако станува збор за одлука во која ќе мора да се открие идентитетот на добавувачот, а тоа би му било од штета на интересите

17) European Commission, The Directive on UNFAIR TRADING PRACTICES in the agricultural and food supply chain, 2019, стр. 9.

18) Законодавецот на одредени земји членки на Унијата оди чекор понатаму така што за овој вид на договори пропишува задолжителна пишана форма на договорот. (Италија, Декретот бр.198 од 8-ми ноември 2021).

на добавувачот или ако добавувачот барал неговиот идентитет да не биде откриен; изрекување на парична казна или друга санкција или иницирање прекршочна постапка, во согласност со националното право за практикување нечесна практика; објавување на донесените одлуки.

Во врска со меѓународните договори за набавка на прехранбени и земјоделски производи добавувачот има право да избира каде би ја иницирал постапката за негова заштита, така што може да бира помеѓу националното тело во земјата членка каде добавувачот е основан, или пак пред националното тело од државата членка каде купувачот е основан. Финансискиот ризик и стравот за комерцијална одмазда се минимализираат и на начин што добавувачот може да бара од националното тело да биде заштитен неговиот идентитет во целокупната постапка. Исто така, интересите на добавувачот може да бидат застапувани од организацијата на производители, организацијата на добавувачи или било кое друго здружение на ваков вид на организации. На овој начин, изговорите дека добавувачите кои се економски послаби или инфериорни во споредба со купувачите, дека не можат да си дозволат заштита на нивните права пред надлежните судови поради тоа што постапките се скапи, долги и неефикасни, како и поради стравот од комерцијална одмазда, се неосновани или минимализирани.

Резултатите од примената на Директивата, ефикасноста на мерките преземени од државите членки и ефикасноста на надлежните национални тела за спроведување на националните закони хармонизирани со оваа директива, ќе бидат предмет на евалуација во 2025 година. До тогаш останува да ја следиме состојбата во оваа сфера со надеж дека битно ќе се намалат нечесните трговски практики во односите помеѓу друштвата во синџирот за снабдување со земјоделски и прехранбени продукти.

2. **Законот за забрана на нечесна трговска практика во синџирите за снабдување со храна и неговата примена во Република Хрватска**

Согласно Директивата 2019/633, земјите членки имаа обврска најдоцна до 1 мај 2021 година да донесат и објават закони и други акти со кои ќе ја имплементираат директивата во националното право.[19] Република Хрватска е една од земјите членки, која имаше преземено низа активности пред донесувањето на оваа директива. Законот за забрана на нечесна трговска практика во синџирите за снабдување со храна во Хрватска беше донесен во ноември 2017 година.[20] Треба да се напомене дека хрватскиот законот предвидува дури и построги правила од оние утврдени со Директивата.

Нечесната трговска практика според законот се дефинира како договорни одредби или трговска практика, која откупувачот, преработувачот или трговецот еднострано ја наметнува на добавувачот користејќи ја својата значајна преговарачка сила во однос на добавувачот, спротивно на начелата на совесност и чесност, начелото на рамноправност на договорните страни, начелото на еднаква вредност на давањата и добрата деловна практика. За разлика од Директивата на ЕУ, законодавецот во Хрватска се одлучил за многу поедноставно решение според кое ќе се утврдува примената на законот, па така се смета дека трговецот има значајна преговарачка сила ако вкупниот годишен приход (вклучувајќи го и тој од поврзаните друштва) остварен во Република Хрватска е поголем од 15.000.000,00 куни, што одговара на приближно 1,985,000.00 евра.[21]

Покрај нечесните практики наведени во член 4 и 5 и во член 7 до член 10, се чини дека исклучително битни се член 11 и член 12 од Законот, во кој таксативно се наведени останатите видови на нечесна трговска практика во односите добавувач и трговец во трговијата со земјоделски и прехранбени производи како и дозволените исклучоци. Листата на нечесни трговски пратики во Република Хрватска, за разлика од листата наведена во Директивата е значително подолга. Во продолжение ќе биде извршена анализа на некои од нив и примери од нивната практична примена.

19) До предвидениот рок 16 земји членки ја имплементираа директивата во националното законодавство. Мнозинството од нив прифатиле и построги правила и посилна заштита на фармерите и малите прехранбени бизниси од предвидената со директивата. Комисијата на ЕУ повела постапка против 12 земји членки кои навреме не извршиле имплементација на директивата во националното законодавство. Report from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions on the state of the transposition and implementation of Directive (EU) 2019/633 of the European Parliament and of the Council of 17 April 2019 on unfair trading practices in business-to-business relationships in the agricultural and food supply chain.

20) Законот е објавен на 29.11.2017 година (NN 117/2017). Измени на законот се објавени на 14.5.2021 година (NN 52/2021). Со Новелата на законот во Хрватска беше имплементирана Директивата EU 2019/633 од Европскиот парламент и совет.

21) пред измените во 2021 година, прометот согласно основниот текст на законот од 29.11.2017 година беше 100.000.000,оо куни, што одговара на околу 13.600.000,00 евра. Смалувањето на прометот на трговецот, како и непредвидувањето на минималниот промет кој што треба да го има добавувачот, само го прошири опсегот на законот.

Така, изрично е забранета наплата за влистување на прехранбени и земјоделски производи. Наплатата пак за поставување на производот исто е забранета, освен доколку тоа изрично го бара добавувачот (на одредена локација/полица), но надоместокот мора да се темели на објективна и разумна проценка. Според Министерството за земјоделие и Агенцијата за заштита на конкуренција во Хрватска, не е доволно ако во договорот се наведе: „30% од полиците на кои се изложени паштети во супермаркетите". Со оглед на тоа дека со формулацијата „30% од полиците на кои се изложени паштети во супермаркетите" не е утврдено посебно поставување на полиците на супермаркетите во однос на вообичаеното поставување на тој производ, ваквата одредба наведува на досегашната вообичаена нечесна практика за наплата на надоместок за поставување на производ на полица.[22]

Враќањето на испорачани, а непродадени производи, наплата на надоместок за постапување со таквите производи или наплатата на надоместок за непродадени производи на кои им истекол рокот на траење е изрично забранета трговска практика. Така, како нечесна трговска практика се смета клаузулата во договорот со добавувачите на леб обврската да ги преземат непродадените лебови, и за сметка на нивната вредност да ја намалат фактурата спрема трговецот.[23] По исклучок, ваквите одредби може да бидат дозволени само кога за прв пат се испорачуваат производи, како и за производи за кои добавувачот изрично бара продажба, а претходно писмено бил предупреден од трговецот дека поради слабиот обрт може да дојде до истек на рокот на производите. Со оваа забрана не се забранува враќање на производи кои имаат скриена мана согласно Законот за облигационите односи, како и производите кои здравствено или квалитативно не одговараат на договореното.

Со оглед на забележаната практика дел од трговците во ЕУ да наплаќаат и трошоци за чување и манипулација со испорачаните производи, но и наплата на надоместок за проширување на продажната мрежа на трговците, надоместок за преуредување на постоечките продажни места, проширување на складиштен капацитет и трговска мрежа, се изрично забранети и не може да бидат предмет на договарање.

Законот го уредува и прашањето во врска со трошоците за дополнителна анализа на квалитет на производи по барање на трговецот. Доследно на тоа не е дозволено префактурирање на трошоци за доброволни анализи на квалитет на производи кои договорно два пати годишно ги прави трговецот со цел да го следи квалитетот на производите од добавувачот во ситуација кога добавувачот-произведувачот произведува производи под трговска марка на трговецот.[24]

Забрането е условувањето на склучувањето договор и деловната соработка со компензација со производи и услуги, или условувањето за соработка со одредени прехранбени приоизводи, со производство на заменливи производи под приватна трговска марка. Компензацијата е дозволена само во случај ако е слободно договорена, тоа подразбира дека истата не смее да биде на било кој начин наметната од страна на трговецот како во моментот на склучување на договорот или во текот на деловната соработка, што секако може да се утврдува во постапка пред надлежниот орган.

Пренесувањето на ризикот од работата на трговецот врз добавувачот (наплата за кало, растур, кражба на производи, наплата на казни) не е дозволено. Единствен исклучок е ако казната изречена на трговецот од страна на надлежно тело е поради недостаток на производот за кој е одговорен добавувачот, или ако пропаѓањето или губитокот на производот е по вина на добавувачот.

Трговецот не смее да наплаќа надоместок за намален промет, како и да договара надоместок за истражување на пазарот.

Интересни се одредбите кои се однесуваат на цените на производите. Трговецот не смее да продава земјоделски и прехранбени производи до крајниот потрошувач по цена пониска од било која набавна цена на тој производ, освен ако се работи за производи пред истек на рокот, повлекување на производот од асортиманот или пак целосна распродажба поради затворање на објектот. Не е дозволена продажба на прехранбени производи (под приватна трговска марка на купувачот) под нивната производна цена, освен во ситуација на целосна распродажба заради затворање на објектот или ако се работи за производи пред истек на рокот. Што во секоја конкретна ситуација ќе се подразбира под „пред истек на рок" ќе треба да се цени според трговските обичаи. Исто така трговецот не смее да бара од добавувачот да не продава на други трговци по пониски

22) Повеќе за ставот во Ministarstvo poljoprivrede i Agencija za zaštitu tržišnog natjecanja, Odgovori na pitanja adresata Zakona o zabrani nepostenih trgovskih praksi u lancu opskrbe hranom, Zagreb, 30 ozujka 2018, стр. 3.

23) Ibid стр. 36.

24) Ibid. стр. 5.

Сепак доколку се утврди дека добавувачот не се придржува кон договорениот квалитет може да биде задолжен со трошоците кои не можат да бидат повисоки од реалните кои ги има купувачот.

цени од оние кој ги платил. Тоа значи дека трговецот не смее да му ограничи на било кој начин на добавувачот да продава производи на други трговци по цена пониска од таа која тој ја платил.

Наплата на маркетиншки услуги мора да биде изрично договорена по барање на трговецот, а висината мора да се темели на објективна и разумна проценка.

Заштитата на добавувачите на прехранбени и земјоделски производи е гарантирана и со забраната трговецот еднострано да може да ги избрише производите од листата на договорени производи, или значително да ги намали нарачките, без претходна писмена најава од трговецот со рок кој не може да биде пократок од 30 денови. Рокот на плаќање на т.н. расипливи производи не смее да биде подолг од 30 денови од денот на прием на земјоделските или прехранбените производи, додека за останатите производи максималниот рок е 60 денови.[25]

Надлежна за надзор над спроведувањето на забраните за нечесна трговска практика во Хрватска е Агенцијата за заштита на конкуренцијата. Агенцијата има право да изврши и ненајавена контрола доколку постојат индиции кои упатуваат дека постои нечесна трговска практика.[26] Согласно Годишниот извештај за работа на Агенцијата за заштита на конкуренцијата во текот на 2020 година Агенцијата решила 91 предмет[27] и 70 предмети во 2021 година.[28] Паричните казни во случај на повреда се исклучително високи (за правни лица глобите се до 5.000.000.00 куни што одговара на 663.000,00 евра). За утврдените повреди во 2020 година во Хрватска се изречени казни во висина од 1.600.000,00 куни (околу 212.000 евра), односно 1.610.000 куни во 2021 година (околу 213.600 евра). Една од поголемите изречени казни е за KAUFLAND HRVATSKA k.d., Zagreb во висина од 1.100.000,00 куни, околу 146.000,00 евра, поради тоа што со договорите за соработка е предвидено неправедно пренесување на трошоците за испорака на производите од централен магацин до објектите, врз добавувачот.[29] Карактеристично е што и во двете анализирани години од извештаите за работа на Агенцијата може да се забележи дека голем дел од постапките се водени и успешно завршени по службена должност или  по анонимни претставки. Тоа е добар показател дека производителите на земјоделски и прехранбени производи може ефикасно да ги остваруваат своите права во постапки кои нема потреба да ги водат лично против трговците.

### 3. **Осврт на состојбата во Република Северна Македонија во сферата на нечесните трговски практики во синџирот за снабдување со храна**

Во Република Северна Македонија, до овој момент не е донесен специјален закон чијшто предмет на регулирање би биле нефер трговски практики во синџирот за снабдување со храна, иако имаше такви најави дека до крајот на март 2022 година ќе биде изготвена првата драфт верзија на Законот за нефер трговски практики во синџирот за снабдување со храна во кој ќе биде имплементирана Директивата 2019/633. Единствено во овој момент, мал сегмент од нефер практиките нормативно се опфатени во Законот за заштита на конкуренцијата[30]. Институционално, Комисијата за заштита на конкуренцијата е надлежна за контрола на примената на Законот за заштита на конкуренцијата и прописите донесени врз основа на овој закон, следење и анализа на состојбите на пазарот до степен потребен за развој на слободна и ефикасна конкуренција, водење управни постапки и донесување одлуки во управна постапка. Меѓутоа од податоците достапни во извештајот за работа на Комисијата од 2020 година[31] нема податоци за преземени конкретни

25) законот се смета за lex specialis во однос на Законот за финансиско работење, па роковите не може договорно да бидат продолжувани. Ibid стр. 1.

26) Член 6 став 1 (а) и (с) од Директивата 2019/633.

27) Agencija za zaštitu tržišnog natjecanja, Godišnje izvješće o radu Agencije za zaštitu tržišnog natjecanja za 2020. godinu Zagreb, lipanj 2021, стр.10. Предметите биле водени спрема трговците: PLODINE d.d., KAUFLAND HRVATSKA k.d., PEMO d.o.o., SPAR HRVATSKA d.o.o., Narodni trgovački lanac d.o.o. и откупувачите: SETOVIA VOĆE d.o.o., FILIP d.o.o., FRAGARIA NERETVA d.o.o., MARINADA d.o.o., SLAVONIJA ŽUPANJA d.d., GLAVICE d.o.o., Moslavina voće d.o.o., AGRO GOLD d.o.o., PPK Valpovo d.o.o. i KOKA d.d., FERMOPROMET d.o.o. i PREHRAMBENO INDUSTRIJSKI KOMBINAT d.d.  Ibid. стр. 87.

28) Agencija za zaštitu tržišnog natjecanja, Godišnje izvješće o radu Agencije za zaštitu tržišnog natjecanja za 2021. godinu Zagreb, lipanj 2022, стр.9.

29) Ibid стр.89.

30) Закон за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр.145/2010, бр.136/11, 41/14, 53/16 и 83/18). Во делот за злоупотреба на доминантна позиција дел од нечесните трговски практики во синџирите за снабдување со храна може да се подведат под дејствијата опфатени со чл.11 ст.2 точка 1 – директно или индиректно наметнување на нефер куповни или продажни цени или други нефер услови на тргување; точка 4 – условување на склучување договори со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи, не се во врска со предметот на договорот итн.

31) Комисија за заштита на конкуренцијата, Годишен извештај за работењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2020 година, март 2021, Скопје.

активности во насока на спречување на нефер трговска практика.[32]

Во период кога нечесната практика во синџирите за продажба во Република С. Македонија, законски не е регулирана, сепак постојат примери кои укажуваат на нефер и нечесно однесување од страна на подоминантните трговски партнери, односно трговците. Така постојат договори за продажба и купување на стока каде што се среќаваат одредби што претставуваат класично нефер и нечесно однесување: пр. обврска за плаќање на надоместок за улистување на артиклите за нови брендови по артикал, по продажно место; обврска за учество во наградни игри, активности и летоци пр. „Добавувачот е должен да учествува во редовниот леток со најмалку X производи во секој број. Откако Добавувачот ќе се согласи да учествува во летокот, тој исто така се согласува да плати за тоа." Ова се мал број од примерите за нефер и нечесно однесување, кои се одомаќинети во договорите за продажба и купување на стока во синџирите за снабдување, станати се нивни задолжителен дел и услов за склучување или продолжување на деловната соработка помеѓу партнерите.

Имајќи предвид дека земјите членки на ЕУ имаа обврска да го хармонизираат нивното право со Директивата до мај 2021 година, Република Северна Македонија како земја претендент за членка на Европската Унија, и како земја во која производството на прехранбени производи има второ најголемо учество во структурата на индустриското производство во 2020 година[33], неоходно е час поскоро да донесе закон чија цел ќе биде спречување и превенирање на нечесни трговски практика во односите помеѓу друштвата во синџирот за снабдување со земјоделски и прехранбени продукти. Со цел поефикасно спроведување на одредбите од законот во практиката, непоходно би било институционално, кадровско, стручно и техничко екипирање на надлежно тело со делокруг на надлежности како утврдените во членот 6 од Директивата.

## 4. **Заклучок**

Без оглед на тоа кое нормативно решение ќе го прифати Република Северна Македонија, било како донесување на специјален закон, или пак по примерот на Бугарија со дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата со додавање на нова глава посветена на нефер трговски практики во синџирот за снабдување со храна, практиката покажува дека неопходно е оваа празнина да биде пополнета поскоро со цел негово ефикасно институционално спроведување и почитување од страна на сите учесници во синџирите за снабдување со земјоделски и прехранбени продукти. Надлежното тело за спроведување на овој закон ќе мора во постапувањето да дејствува законито, професионално, непристрасно и принципиелно особено поради фактот што во иднина постапките би се воделе против економски гиганти, доминантни и моќни трговци. Ова тело би бил заштитник на малите и средните претпријатија, земјоделците и фармерите, од нечесните и нефер трговски практики со кои истите се условувани за влез на пазарот со земјоделски и прехранбени продукти или пак за продолжување на понатамошната деловна соработка.

Во многу блиска иднина економско-правните тимови кај добавувачите и трговците во синџирот за снабдување со земјоделски и прехранбени продукти ќе мора да посветат сериозно внимание на содржината на договорите и деловната соработка да ја развиваат во духот на фер и чесната практика.

Република Северна Македонија како земја претендент за членка на Европската Унија и како земја што важи за земјоделска, мора што поскоро да ги имплементира законски решенија од Европската Унија за спречување и превенирање на нечесни трговски практика во односите помеѓу друштвата во синџирот за снабдување со земјоделски и прехранбени продукти и да ги следи примерите од земјите членки на ЕУ за нивно доследно спроведување во практиката. Дејствувањето на законодавецот треба да биде брзо и конзистентно, бидејќи само врз основа на рамноправен однос на учесниците во синџирот за снабдување со храна базиран на совесност и чесност и добра трговска практика може да се гради добра развојна клима.

32) Во Извештајот за работа на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2021 година донесено е едно решение за злоупотреба на доминантна позиција преку директно наметнување на нефер услови на тргување, меѓутоа истото не се однесува на синџирите за снабдување со храна.

33) Државен завод за статистика, Макстат Избор, 2021, стр. 51.

**Користена литература:**


1. A. Piszcz, EU Directive in business- to -business relationships in the agriculture and food supply chain: Dipping a toe to regulatory Waters? Balkan Yearbook of European and International Law 2019, Springer 2020.
2. Agencija za zaštitu tržišnog natjecanja, Godišnje izvješće o radu Agencije za zaštitu tržišnog natjecanja za 2020. godinu Zagreb, lipanj 2021.
3. Commission of the European communities, Communication from the Commission to the European parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions, A better functioning food supply chain in Europe, Brussels, 28.10.2009.
4. **Communication from the commission to the European parliament, the council, the European economic and social committee and the committee of the regions, tackling unfair trading practices in the business-to-business food supply chain /* com/2014/0472 final */**
5. Đ. JURIĆ, Izmjene i dopune Zakona o zabrani nepoštenih trgovačkih praksi u lancu opskrbe hranom, Pravo I porezi, 7/2021.
6. DIRECTIVE (EU) 2016/943 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 8 June 2016 on the protection of undisclosed know-how and business information (trade secrets) against their unlawful acquisition, use and disclosure.
7. Directive (EU) 2019/633 of the European Parliament and of the Council of 17 April 2019 on unfair trading practices in business-to-business relationships in the agricultural and food supply chain.
8. European Commission, The Directive on UNFAIR TRADING PRACTICES in the agricultural and food supply chain, 2019.
9. Green paper on unfair trading practices in the business-to-business food and non-food supply chain in Europe. COM/2013/037 final.
10. Ministarstvo poljoprivrede i Agencija za zaštitu tržišnog natjecanja, Odgovori na pitanja adresata Zakona o zabrani nepostenih trgovskih praksi u lancu opskrbe hranom, Zagreb, 30 ozujka 2018.
11. REPORT FROM THE COMMISSION TO THE EUROPEAN PARLIAMENT AND THE COUNCIL on unfair business-to-business trading practices in the food supply chain, Brussels, 29.1.2016 COM (2016) 32 final.
12. Report from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions on the state of the transposition and implementation of Directive (EU) 2019/633 of the European Parliament and of the Council of 17 April 2019 on unfair trading practices in business-to-business relationships in the agricultural and food supply chain.
13. REPORT on unfair trading practices in the food supply chain, Committee on the Internal Market and Consumer Protection.
14. Zakon o zabrani nepoštenih trgovačkih praksi u lancu opskrbe hranom (NN 117/17, 52/21).
15. А. Ристеска Јанкулоска, М. Башеска - Ѓорѓиеска (2019). *Бизнис логистика и менаџмент на снабдувачки синџири*, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола, Економски факултет-Прилеп, Прилеп.
16. Државен завод за статистика, Макстат Избор, 2021.
17. Комисија за заштита на конкуренцијата, Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2020 година, Скопје, март 2021.
18. Комисија за заштита на конкуренцијата, Годишен извештај за работењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2021 година, март 2022, Скопје.
19. Наумоски. П.(2001), *Македонско антимонополско право: Закон против ограничување на конкуренцијата и Закон против нелојалната конкуренција: (коментар): со прилог на Законот за заштита на потрошувачите*, Магнат